# Универзитет Скопје
# УТМС Институт за бизнис и менаџмент

# Извештај за самоевалуација
# за 2024 година

Јануари 2025 година

# СОДРЖИНА

1. Вовед ........................................................................................................ 3
2. Методологија на самоевалуација ................................................................ 3
3. Остварување на целите по стратешки области ............................................ 4
3.1. Стратешко управување, визија, мисија и квалитет ................................ 4
3.2. Наставно-образовна дејност (II циклус) .................................................. 5
3.3. Стручно-апликативна и консултантска дејност ...................................... 6
3.4. Кадровски, просторни и технички услови .............................................. 7
3.5. Научно-истражувачка дејност .................................................................. 8
3.6. Меѓународна соработка ............................................................................ 8
3.7. Издавачка дејност ...................................................................................... 9
3.8. Промотивни активности и видливост .................................................... 10
4. SWOT Анализа .......................................................................................... 10
4.1. Силни страни во 2024 година .................................................................. 10
4.2. Предизвици и области за подобрување .................................................. 11
5. План за унапредување ................................................................................ 11
6. Заклучок ...................................................................................................... 12

## 1. Вовед

Во согласност со Програмата за работа на Институтот за бизнис и менаџмент 2024–2027 и Акцискиот план 2024–2027, во текот на 2024 година Институтот реализираше низа активности насочени кон унапредување на научно-истражувачката дејност, меѓународната соработка, стручната и консултантската дејност и образовниот процес, како и видливоста и позиционирањето на Институтот во академската и бизнис заедницата.

Целта на овој Извештај за самоевалуација за 2024 година е:

- да ја прикаже реализацијата на планираните активности согласно Програмата и Акцискиот план;
- да ги идентификува постигнувањата и слабостите;
- да предложи мерки за подобрување во следните години од програмскиот период.

## 2. Методологија на самоевалуација

Самоевалуацијата е спроведена врз основа на:

- Програмата за работа на2024–2027;
- Акцискиот план 2024–2027 со поставени цели и клучни индикатори;
- Извештаи од научно-истражувачки активности, конференции и објавени трудови;
- Податоци од административните служби (кадровски ресурси, техничка опременост, библиотека);
- Повратни информации од кадарот.

Проценката на реализацијата по активности се прави со следната описна скала:

- Целосно реализирано
- Делумно реализирано
- Нереализирано / пренесено во 2025

## 3. Остварување на целите по стратешки области

### 3.1. Стратешко управување, визија, мисија и квалитет

Планирани цели:

- Операционализација на визијата и мисијата на Институтот;
- Примена на акти и процедури за обезбедување квалитет;
- Годишна самоевалуација и извештај за квалитет.

Реализација во 2024:

| Активност | Степен на реализација | Краток опис |
|---|---|---|
| Усвојување на акциски план | Целосно реализирано | Акциски план усвоен од Советот на Институтот и усогласен со Програмата за 2024–2027. |
| Внатрешна промоција на визија и мисија | Целосно реализирано | Визија и мисија се презентирани на кадарот и студентите |
| Примена на акти и процедури за квалитет | Целосно реализирано | Се применуваат утврдени процедури на Универзитетот; Институтот учествува во институционалните механизми за квалитет. |
| Самоевалуација и извештај за квалитет | Целосно реализирано | Подготвен е овој извештај за самоевалуација како дел од системот за обезбедување квалитет. |

Институтот за бизнис и менаџмент во 2024 година постави солидна основа за систематско стратешко управување и квалитет. Потребно е во 2025 дополнително да се зајакне видливоста на визијата и мисијата и да се продолжи со редовно информирање на студентите и надворешните засегнати страни.

## 3.2. Наставно-образовна дејност (II циклус)

Планирани цели (2024):

- Акредитација и лансирање магистерски програми (II циклус);
- Имплементација на студии од II циклус;
- Вклучување на практика и гости-предавачи.

Реализација во 2024:

| Активност | Степен на реализација | Краток опис |
|---|---|---|
| Подготовка и поднесување елаборати за акредитација | Целосно реализирано | Елаборатите за II циклус за студиска програма Бизнис менаџмент и Здравствен менаџмент подготвени и поднесени до Одборот за акредитација; за истите не е добиена акредитација. Процесот ќе биде повторен во 2026 година. |
| Усогласување курикулуми со ЕУ универзитети | Целосно реализирано | Направена е анализа и иницијално усогласување со неколку референтни програми во Европа. |
| Организација настава по акредитирани програми | Нереализирано / пренесено во 2026 година | Не се акредитирани студиски програми |
| Вклучување гости-предавачи и практика | Делумно реализирано | Организирано е гостинско предавања за студентите на Универзитетот од прва година од претставник на компанијата Ананас Македонија. Детален план на гости предавачи и посети во компании ќе биде подготвен за студенти запишани на втор циклус студии на Институтот штом ќе бидат акредитирани студиски програми. |

Институтот за бизнис и менаџмент во 2024 година направи значаен чекор кон акредитација на 2 студиски програми на II циклус студии. Процесот ќе се

повтори во следниот период со предлог студиска програма за МБА Менаџмент на македонски или англиски јазик.

### 3.3. Стручно-апликативна и консултантска дејност

Планирани цели (2024):

- Поддршка за подготовка на проектни апликации;
- Организација на обуки и работилници;
- Развој на експертски услуги и консултантски активности.

Реализација во 2024:

| **Активност** | **Степен на реализација** | **Краток опис** |
|---|---|---|
| Консултантска поддршка за проекти | Целосно реализирано | Инситутот учествуваше во подготовка на 3 проектни апликации за европски програми. |
| Организирање обуки и работилници | Целосно реализирано | Организирани се 2 обуки, меѓу кои обуки за млади/студенти од областа на претприемништво и за финансиско планирање на претставници од бизнис секторот. |
| Експертски мислења и извештаи | Целосно реализирано | Подготвени се 2 експертски мислења за компании кои планираат да се вклучат во проектни активности финансирани од ЕУ специјализирани за иновативни претпријатија и стартапи. |

Во 2024 година стручната и консултантската дејност на Институтот беше целосно усогласена со планираните цели. Стручната и консултантската дејност има простор за дополнителна организираност и структурираност во насока на зајакнување на улогата на Институтот како релевантен партнер за унапредување на капацитети, проектен развој и поддршка на бизнис секторот.

### 3.4. Кадровски, просторни и технички услови

Планирани цели (2024):

- Одржување и развој на академскиот кадар;
- Оптимална употреба на просториите и опремата;
- Е-библиотека.

Реализација во 2024:

| Активност | Степен на реализација | Краток опис |
|---|---|---|
| Кадровско планирање и оптоварување | Целосно реализирано | Кадарот е ангажиран и во истражувања и во стручни активности. кадровската покриеност на планираниот наставен процес застудиска програма на втор циклус е исто така покриена со ангажираност на кадар и од другите единици на Универзитетот. |
| Стимулација за научни публикации | Целосно реализирано | Кадарот има објавено трудови во 2024 година |
| ICT опрема и простор | Целосно реализирано | Опремата е функционална за реализација на активностите од дејноста на Институтот и подготвена за одвивање на настава; можни се унапредувања (софтвер, нова опрема) во следниот период. |
| Е-библиотека | Целосно реализирано | Кадарот и студентите имаат пристап до литература и open access бази; ќе следи проширување на електронските извори. |

Во 2024 година Институтот за бизнис и менаџмент обезбеди стабилни кадровски, просторни и технички предуслови за квалитетно научно-истражувачката дејност. Исто така, Институтот располага со соодветни кадровски, просторни и технички услови за реализација на наставен процес. Кадарот покажува научна активност преку објавени трудови, што претставува добра основа за понатамошен развој.

### 3.5. Научно-истражувачка дејност

Планирани цели (2024):

- Зголемување на истражувачката активност;
- Организација на научни настани (ICON BEST);
- Учество на конференции и проекти.

Реализација во 2024:

| Активност | Степен на реализација | Краток опис |
|---|---|---|
| Вклучување во научни проекти | Целосно реализирано | Кадарот учествува во 3 научни проекти |
| Организација на ICON BEST | Целосно реализирано | Конгресот ICONBEST 2024 беше успешно организиран, со трудови и учесници од повеќе различни земји во регионот и ЕУ. |
| Внатрешни истражувачки семинари | Целосно реализирано | Организиран е 1 интерен семинар |
| Учество на други конференции | Целосно реализирано | Наставниот кадар учествувал на 2 конференции. |

Во 2024 година Институтот оствари високо ниво на научно-истражувачка активност со учество во проекти, успешно организирање на научен конгрес и други конференции. Овие резултати потврдуваат дека Институтот се позиционира како релевантен истражувачки центар и создава добра основа за понатамошно продлабочување на истражувачката дејност и зголемување на бројот и квалитетот на научните резултати.

### 3.6. Меѓународна соработка

Планирани цели (2024):

- Јакнење на мрежата на меѓународни партнери;
- Реализација на мобилности.

Реализација во 2024:

| Активност | Степен на реализација | Краток опис |
|---|---|---|
| Ажурирање и склучување договори за соработка | Целосно реализирано | Потпишани се 2 договори со странски институции. |
| Erasmus+ мобилности | Нереализирано / пренесено во 2025 година | Кадровски мобилности се планирани за 2025, а студентски мобилности ќе бидат дополнително планирани после акредитирање на студиски програми. |

Меѓународната соработка во 2024 година беше подготвителна и фокусирана на градење партнерства со кои се создаваат предуслови за идни заеднички активности со соработници во меѓународни рамки поврзани со мобилности и научни проекти.

### 3.7. Издавачка дејност

Планирани цели (2024):

- Континуирано издавање на UTMS Journal of Economics;
- Поттикнување објавување во други списанија.

Реализација во 2024:

| Активност | Степен на реализација | Краток опис |
|---|---|---|
| Издавање на UTMS Journal of Economics | Целосно реализирано | Објавени се 2 броја во 2024 година, со трудови од домашни и меѓународни автори. |
| Објавени трудови од кадарот | Целосно реализирано | Наставниот кадар има објавено 3 трудови во списанија и зборници од конференции. |

Издавачката дејност на Институтот во 2024 година беше целосно усогласена со планираните цели. Објавени се 2 броја на списанието UTMS Journal of Economics, со трудови од домашни и меѓународни автори, што придонесува за зголемување на научната видливост и кредибилитет. Паралелно, наставниот кадар остварува активна вклученост во пошироката научна заедница во насока на стабилност и континуитетот на издавачката дејност, како и отворање на можности

за понатамошно зголемување на квалитетот и интернационализацијата на публикациите.

### 3.8. Промотивни активности и видливост

Планирани цели (2024):

- Зголемување на видливоста на Институтот;
- Позиционирање во професионални асоцијации.

Реализација во 2024:

| Активност | Степен на реализација | Краток опис |
|---|---|---|
| Промотивни активности (настани, кампањи, веб, социјални мрежи) | Целосно реализирано | Оствpено е учество на 2 меѓународни настани, и редовно се реализирани објави за активности преку веб-страница и социјални мрежи. |
| Членство и активност во асоцијации | Целосно реализирано | Остварено е членство во 1 релевантна асоцијација. |

Во 2024 година Институтот значително ја зајакна својата видливост и промотивно присуство со тендиција за уште поголема отвореност, препознатливост и активно присуство во академската и професионалната заедница во следниот период.

## 4. SWOT Анализа

### 4.1. Силни страни во 2024 година

- Јасно дефинирана Програма и Акциски план со конкретни цели и индикатори.
- Реализира процес за акредитација на  студиски програми за II циклус студии.
- Реализирани научно-истражувачки активности и организација/учество во конференции (вклучително ICON BEST).
- Континуирано издавање на научното списание UTMS Journal of Economics.
- Активна вклученост во консултантски и стручни активности.
- Развој на меѓународна соработка и мобилности.

## 4.2. Предизвици и области за подобрување

- Потреба од обновување на процесот за акредитација на студиска програма на II циклус студии,
- Потреба од појасно дефинирана стимулација за научни публикации и вклучување во истражувачки проекти.
- Потреба од поголемо искористување на дигиталните платформи за е-учење и е-библиотека.
- Потреба од поинтензивни промотивни активности и појако присуство во професионални и научни мрежи.

## 5. План за унапредување

**Научно-истражувачка работа:**

- Поставување јасни годишни цели за објавени трудови по кадар;
- Поттикнување апликации за нови истражувачки и апликативни проекти;
- Редовни (на пр. квартални) истражувачки семинари.

**Наставно-образовна дејност**:

- Финализирање и имплементација на акредитација за студиски програми на II циклус студии;
- Реализирање на упис на студенти на II циклус студии.

**Квалитет и организација:**

- Редовно годишно ажурирање на Акцискиот план;
- Структурирани анкети и систематско следење на задоволството на кадарот;
- Подготовка на кратки интерни извештаи по области (настава, истражување, промоција).

**Меѓународна соработка и видливост:**

- Продлабочување на постојните партнерства и иницирање нови;
- Зголемување на мобилностите на кадарот;
- Подобрување на англиската верзија на промотивните материјали и веб-страницата.

## 6. Заклучок

Во 2024 година, Институтот за бизнис и менаџмент постигна значаен напредок во реализацијата на целите утврдени во Програмата 2024–2027 и Акцискиот план, при што најголемиот дел од планираните активности се целосно реализирани, а само мал број се пренесени за наредниот период. Притоа, беа зајакнати кадровските, просторните и техничките предуслови, унапредени беа научно-истражувачката работа, стручната и консултантската дејност, наставно-образовниот процес, меѓународната соработка, издавачката дејност и промотивните активности, со што Институтот се позиционира како релевантен и развојно ориентиран академски субјект.

Поставените стабилни основи овозможуваат во следните години да се продлабочи квалитетот и обемот на активностите, со посебен акцент на интернационализација, повисок истражувачки интензитет и поголема вмреженост со бизнис-секторот и општеството. Овој извештај за самоевалуација претставува важен инструмент за понатамошно планирање, систематско подобрување и усогласување со националните и европските стандарди за квалитет во научно-истражувачката и високобразовната дејност.